# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА 2018 ГОДИНА

## СОДРЖИНА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ ВО 2016 ГОДИНА

ЛЕГИСЛАТИВА, БЕЗБЕДНОСНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ..............2

БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА КОРИСНИЦИ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ .............. 4

АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ, РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА СТРАНСКИ КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ .............. 5

ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ .............. 6

ИНФОРМАТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ .............. 8

ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ .............. 10

ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР .............. 10

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА.............. 11

ОБУКА И СОВЕТОДАВНА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ ..............13

УЧЕСТВО ВО РАБОТА НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНИ ТЕЛА И ДРУГИ ИНИЦИЈАТИВИ .............. 14

ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ВО ДИРЕКЦИЈАТА..............15

РЕЗИМЕ ..............17

Врз основа на член 62 став 3 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 09/2004, 113/2007, 145/2010, 80/2012, 41/2014, 21/2018 и 83/2018) директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации го донесе следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА 2018 ГОДИНА

## ЛЕГИСЛАТИВА, БЕЗБЕДНОСНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### *Легислатива*

Како резултат на работата на Работната група за изготвување и следење на имплементацијата на планот за реализација на препораките на групата високи експерти за системските прашања од владеењето на правото во врска со следењето на комуникациите, во којашто активно учествуваше и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (во натамошниот текст: Дирекцијата), во јануари 2018 година беше донесен Закон за дополнување на Законот за класифицирани информации.

Дополнувањето на Законот е направено согласно препораките поврзани со собранискиот надзор, коишто укажуваа на „потребата дека безбедносниот сертификат не смее да се користи како причина за одложување на работата на комисиите и процесот на издавање на безбедносен сертификат треба да се забрза за да се овозможи истото“. Од тие причини, направено е дополнување на членот 51 од Законот за класифицирани информации (поврзан со роковите за издавање на безбедносен сертификат, односно рокот за безбедносни проверки), со што се овозможува постапката за безбедносна проверка од трет степен за лицата назначени во надзорните тела кои вршат надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите, како и за ангажираните акредитирани национални и меѓународни технички експерти од тие тела, согласно Законот за следење на комуникациите, да трае еден месец од денот на поднесување на барањето.

Со дополнувањето на законот е предвидена и безбедносна проверка од втор степен за лицата пред засновање на работен однос во Оперативно – техничката агенција, согласно Законот за Оперативно – техничка агенција, да трае еден месец од денот на поднесувањето на барањето.

Законот за дополнување на Законот за класифицирани информации се заснова на истите начела на кои е заснован и Законот за класифицирани информации.

Во текот на годината, во функција на соодветно имплементирање на прифатените меѓународни стандарди за безбедност на класифицираните информации, а со цел изработка на подетални измени и дополнувања на Законот за класифицирани информации, во Дирекцијата беше извршена компаративна анализа на законските решенија на 12 земји членки на НАТО и на ЕУ со коишто Владата на Република Македонија има потпишано билатерална спогодба за размена и заемна заштита на класифицирани информации. Врз основа на резултатите од направената анализа, од разменетите искуства со сродните служби на земјите од регионот со коишто Дирекцијата има развиено блиска соработка, како и врз основа на стекнатите искуства од научените лекции од примената на Законот од неговото донесување во 2004 година до денес, беше покрената иницијатива за донесување нов текст на Законот за класифицирани информации.

За изработка на измените и дополнувањата на Законот беше формирана меѓуресорска работна група во која беа вклучени и надворешни стручни лица – експерти. Во работната група членуваа претставници на Министерството за одбрана, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Агенцијата за разузнавање и Секретаријатот за европски прашања. Со посебно решение, во работата на меѓуресорската работна група беа вклучени стручни лица од професорската фела. За специфични прашања што беа предмет на уредување во нацрт-текстот на законот, беа организирани посебни состаноци со засегнатите страни. За дискусија по предложените законски решенија со членовите на меѓуресорската работна група за изработка на предлогот на законот во ноември 2018 година, во соработка со ОБСЕ, беше организирана и Тркалезна маса на којашто беа поканети претставници и од други субјекти коишто ракуваат со класифицирани информации.

Како резултат на обемноста на измените и дополнувањата во Законот за класифицирани информации, по прибавено мислење од Секретаријатот за законодавство, беше одлучено наместо Закон за изменување и дополнување на Законот да се изработи Предлог на Закон. Во декември тековната година, нацрт-Предлогот на Закон за класифицирани информации беше доставен до Министерството за одбрана како предлагач за законот.

***Безбедносна организација***

Во 2018 година, Дирекцијата продолжи со активностите за обезбедување на безбедносни стандарди за ракување со класифицирани информации во државните и приватни ентитети, а особено во мрежата на регистри и контролни точки за класифицирани информации на Дирекцијата. Воедно, редовно се ажурираше листата на овластени лица како клучен персонал за одржливост, спроведување и надзор на безбедносните политики за работа со класифицирани информации во секоја од релевантните институциите каде се ракува, циркулираат и се чуваат класифицирани информации.

***Човечки ресурси***

Во 2018 година во Одделението за управување и развој на човечки ресурси се почувствува една друга динамика во однос на претходните години. Имено, во втората половина од 2018 година во Дирекцијата беа објавени и следствено на тоа реализирани четири интерни огласи за унапредување на дел, односно на четири лица од редот на вработените во Дирекцијата. Со тоа се подигна моралот за работа, како и позитивната конкуренција на вработените. Исто така, две лица заминаа во пензија, а други две лица со спогодбено преземање преминаа во друга државна институција. Поради зголемениот обем на работа, кон крајот на 2018 година се вработија и две лица на определено време. Во однос на мобилноста на вработените, и во 2018 година продолжи и упатувањето на вработени во Дирекцијата во Регистарот за НАТО/ЕУ класифицирани информации во постојаните мисии на Република Македонија при НАТО и ЕУ во Брисел, Белгија. Оттука, навремено се внесуваа измените на податоците на вработените во системот на HRMIS.

За да се реализираат унапредувањата се пристапи и кон измени и дополнувања на Годишниот план за вработување во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2018 година.

Освен активностите поврзани со Годишниот план за вработување, беа реализирани и активностите поврзани со Годишниот план за обуки на АС во ДБКИ, според обврските од Законот за административни службеници, што подразбира, меѓу другото, водење евиденција, прибирање и комплетирање податоци за посетените обуки, како и правење полугодишни извештаи за реализирани обуки и номинирање на вработените за учество на обуки. Како одделен извештај за одржана обука е Извештајот за завршена обука за родова еднаквост на сите вработени лица во Дирекцијата. Исто така, вработените во Дирекцијата во текот на 2018 година одржаа и серија обуки за овластените лица за ракување и чување класифицирани информации во државни органи и институции коишто работат со класифицирани информации.

Како тековна активност на Одделението за управување и развој на човечки ресурси, според Законот за административни службеници, во 2018 година со полугодишните интервјуа во месец мај се започна процесот за оценување на ефектот на административните службеници, во Дирекцијата, што се заокружи кон крајот на годината, при што беа опфатени и целосно реализирани сите негови чекори.

## БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА КОРИСНИЦИ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во текот на 2018 година планираните активности според Годишниот план на активности на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации од

доменот на безбедност на лица корисници на класифицирани информации беа спроведени според планираната динамика. Во континуитет се спроведуваа процедурите за издавање национални, НАТО и ЕУ безбедносни сертификати во соработка со безбедносните служби надлежни за вршење на безбедносните проверки и активности сврзани со обука на корисниците на класифицирани информации и контрола на условите во овој домен на безбедноста на класифицираните информации.

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации по поднесени барања за издавање безбедносни сертификати изработи: 5500 барања за оперативна безбедносна проверка; 3686 национални, 711 НАТО и ЕУ безбедносни сертификати; 703 изводи од НАТО и ЕУ безбедносни сертификати. Вкупниот број на важечки национални безбедносни сертификати на 31.12.2018 година изнесува 18931. Додека вкупниот број на важечки безбедносни сертификати на 31.12.2018 година за НАТО е 2154 , а за ЕУ е 982.

Исто така, во Дирекцијата беа изработени и 103 решенија за одбивање на барањата за издавање безбедносни сертификати, 1 решение за престанок на важноста на безбедносниот сертификат.

Воедно, беше извршена ревизија на издадените безбедносни сертификати чиј рок на важење истекува во 2018 година.

## АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ, РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА СТРАНСКИ КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во текот на 2018 година, работата во Одделението за странски класифицирани информации се одвиваше според воспоставените процедури за прием, обработка, дисеминација, дистрибуција, архивирање и чување на класифицираните информации. Динамиката на извршување на работните задачи беше во вообичаената рамка на целосна имплементација на постојните законски и подзаконски акти за безбедност на класифицирани информации. И во текот на 2018 година, Одделението за странски класифицирани информации како единствена точка за влез и излез на странски класифицирани информации успешно одговори на предвидените активности за заштита на класифицираните информации координирајќи ја работата на воспоставениот систем на регистри и контролни точки. Со тоа, констатирано е дека задачите се завршени професионално и ефикасно во насока на навремена доставување на класифицираните и на некласифицирани материјали до крајните корисници. Исто така, и во 2018 година, Одделението за странски класифицирани информации, со помош на својот обучен персонал, продолжи со обуката, давањето стручна помош, мислења и експертиза на државни органи и приватни ентитети, но и на домашни и странски претставници за правилно користење и ракување со класифицирани информации. И во текот на 2018 година,

Одделението за странски класифицирани информации во континутет продолжи со обуката на својот персонал.

Следејќи ја динамиката на прием на странски класифицирани информации од претходните години, Одделението за странски класифицирани информации во 2018 година повторно регистрираше намален интензитет на примени и обработени странски класифицирани информации во однос на извештајната 2017 година.

Според евиденцијата на Одделението за странски класифицирани информации на Дирекцијата, во 2018 година примени се вкупно 836 (во 2017: 1018) НАТО документи или за 18 % помалку од 2017 година. „СТРОГО ДОВЕРЛИВО" – 536 (588 во 2017) или 9% помалку од 2017 година „ДОВЕРЛИВО"– 169 (297 во 2017 година) или 43% помалку од 2017 година, „ИНТЕРНО"– 100 (123 во 2017) или 17% помалку од 2017 година и 31 (10 во 2017) или 210% повеќе од 2017 година НАТО некласифицирани документи).

Од направената паралела на добиени НАТО класифицирани информации со 2018 година се забележува намалување на бројот на примените класифицирани информации. Тоа е најизразено кај документите со степен „ДОВЕРЛИВО", додека кај другите степени и вкупно гледано се бележи благо намалување на истите.

Што се однесува до НАТО некласифицираните информации тука е евидентиран раст во споредба со 2017 година за 210%.

Во текот на годината, во Одделението за странски класифицирани информации на Дирекцијата се примени вкупно 74 (94 во 2017 година) ЕУ класифицирани/некласифицирани документи, или за 21% помалку од 2017 година од кои 4 (29 во 2017 година) со степен „ДОВЕРЛИВО", или за 86% помалку од 2017 година, 68 (64 во 2017 година) со степен „ИНТЕРНО" или 6% повеќе од 2017 година и некласифицирани 2 (во 2017-1) или за 100% повеќе од 2017 година.

Кумулативниот збир на добиени странски НАТО и ЕУ класифицирани/некласифицирани документи во 2018 година изнесува 910 (1112 во 2017 година) или добиени се 202 документи помалку во однос на 2017 година. Тоа подразбира дека севкупно за 18% е намален приливот на странски документи во однос на претходната извештајна 2017 година.

Во однос на националните класифицирани информации, бројот на обработени национални документи во Одделението за странски класифицирани информации на Дирекцијата во 2018 година изнесува вкупно 362 (во 2017 – 345) или за 5 % повеќе примени-обработени национални документи за 2018 година во однос на 2017 година.

## ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

Тежиштето на активностите на работата на Одделението за физичката безбедност во текот на 2018 година беше насочено кон задржување на веќе

воспоставените стандарди за ракување и чување на класифицираните информации. Во таа насока Одделението за физичка безбедност активно учествуваше во измените на Законот за класифицирани информации. Исто така, во рамките на делокругот на работење, Одделението за физичка безбедност обнови дел од интерните акти, што ја подобрија работата на Одделението и го подигнаа нивото на безбедност во Дирекцијата.

Исто така, во Дирекцијата интензивно се работеше во насока на целосно исполнување и подигање на стандардите за физичка безбедност во согласност со измените на безбедносната политика на НАТО/ЕУ и директивите за физичка безбедност. Во тие рамки беше вршена редовна проверка и одржување на системот за електронско обезбедување, како и редовно и вонредно сервисирање на безбедносната опрема во Дирекцијата. Во делот на исполнување на минималните стандарди за физичка безбедност беа дадени одредени забелешки на регистрите за странски класифицирани информации во Министерството за надворешни работи, Агенцијата за разузнавање и во Министерството за внатрешни работи, за кои веќе се преземени активности за нивно отстранување.

Во текот на 2018 година во Дирекцијата во континуитет пристигаа барања од страна на државни органи и други правни лица за утврдување на условите за физичка безбедност во организациските единици и точки каде што се ракува со класифицирани информации, при што беа преземани активности за контрола на условите и давање стручно мислење за исполнетоста на минималните стандарди за физичка безбедност на класифицираните информации. Претставници од Дирекцијата, исто така, учествуваа во меѓуинституционални активности со стручна и експертска помош за воспоставување стандарди за физичка безбедност и набавка на опрема од овој домен на безбедноста. На барање на одредени субјекти, беа одржани и обуки за нивните вработените од аспект на физичка безбедност на класифицираните информации

Одделението за физичка безбедност, во согласност со законските прописи и интерните акти на Дирекцијата, ја помага работата на Одделението за инспекциски надзор и на Одделението за индустриска безбедност, при што асистира во спроведувањето на безбедносната политика за заштита на националните и на странските класифицирани информации. Одделението за физичка безбедност има важна улога и како дел од тимот за акредитација на комуникациско информациски системи.

Одделението активно учествуваше во разни работилници, консултации и други активности поврзани со работата за заштита на класифицираните информации. Потребно е да се нагласи учеството на претставници од Одделението на годишните брифинзи со овластените лица во државните органи и во приватните компании.

## ИНФОРМАТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

Тежиштето на активностите на Дирекцијата во доменот на информатичката безбедност во 2018 година беше ставено врз интензивирање на работата на воспоставените помошни авторитети за информатичка безбедност, Националното тело за акредитација (NAA) и Националното тело за безбедност на комуникациите (NCSA), како и на активностите за обезбедување услови за набавка на сертифицирана криптографска опрема за размена на класифицирани информации до степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО" и соодветна ТЕМПЕСТ опрема за зонирање на објекти каде што се процесираат класифицирани информации, којашто се потврдува во континуитет, заради сè поголемиот прилив на класифицирани информации од НАТО и од ЕУ со повисок степен на класификација за што зборуваат и статистиките за примени класифицирани информации во Централниот регистар на Дирекцијата, со цел обезбедување соодветно ниво на безбедност за нивно чување и ракување.

Заради ажурирање на легислативата сврзана со криптозаштитата во Република Македонија и нејзино усогласување со позитивните прописи на НАТО и ЕУ, Дирекцијата почна иницијатива за измени на текстот на постојната и застарена Уредба за криптозаштитата. Во рамките на таквата иницијатива беа остварени работни средби со сите носители на националните системи за криптозаштита, при што е договорено во текот на 2019 година Дирекцијата како носител на работната активност да организира серија работни средби за доуредување на предлог-текстот за новата уредба за криптозаштита и паралелно со измените на Законот за класифицирани информации би се доуредила оваа сензитивна област.

Во рамките на иницијативата на Дирекцијата за безбедносна акредитација на комуникациско-информациските системи во државните органи низ кои се процесираат национални класифицирани информации, Националното тело за акредитација (NAA), коешто функционира во рамките на Дирекцијата, во текот на 2018 година презема активности за финализирање на процесот на безбедносна акредитација на комуникациско-информациски систем на Секретаријатот за законодавство. Исто така, се отпочна безбедносна акредитација на комуникациско-информацискиот систем за пренос на класифицирани информации во Народната банка на Република Македонија, во Агенцијата за разузнавање, во Министерството за финансии и во Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Во текот на 2018 година Дирекцијата, како авторитет задолжен за спроведување на безбедносната политика на НАТО/ЕУ, ја остваруваше редовната обврска на одржување и уредност на криптографијата на постојните системи за размена на класифицирани информации во Дирекцијата и во мрежата на регистрите за странски класифицирани информации во другите институции, во согласност со регулативите на НАТО/ЕУ. Во таа насока, по препорака на инспекцискиот тим при Канцеларијата за безбедност на НАТО, Одделението за информатичка безбедност и комуникациско-информатичка поддршка го

продолжи започнатиот процес за надградба на регистарскиот систем за процесирање на НАТО класифицирани информации. Со овој процес се унапреди целокупниот систем за размена на НАТО класифицирани информации, со што ќе се зголеми безбедноста на класифицираните информации, а во исто време ќе се зголеми и брзината на нивната размена. Во таа насока безбедносна акредитација на комуникациско-информациски системи за процесирање на НАТО „СТРОГО ДОВЕРЛИВО" класифицирани информации се изврши во регистрите на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во Генералштабот на Армијата, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи и во Агенцијата за разузнавање на Република Македонија. Во завршна процедура се постапките за безбедносна акредитација на комуникациско-информациски системи во Министерството за внатрешни работи и во Центарот за управување со кризи, како и реакредитацијата на соодветниот комуникациско-информациски систем во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

Националното тело за безбедност на комуникациите (NCSA) ја остваруваше својата улога на надзор врз безбедноста на комуникациите на системите на одделни државни органи за размена на класифицирани информации со странски субјекти и спроведување на договорените процедури.

Активната улога на Дирекцијата во одржувањето и развојот на информатичката безбедност во Република Македонија и во 2018 се остваруваше преку давање континуирана стручна помош и мислење во изработка на стручни решенија и донесување акти сврзани со оваа материја. Во таа насока, Дирекцијата зеде активно учество во изработката на Националната стратегија за сајбер-безбедност преку давање конкретни предлози за дополнување на текстот на стратегијата. Согласно планот за пристапниот процес на Република Македонија за членство во НАТО, Секторот во делот на информатичката безбедност активно учествуваше во сите процеси што треба да се исполнат со цел добивање полноправен статус на членка на НАТО.

Со цел следење и унапредување на безбедносната политика на НАТО и на ЕУ во областа на сајбер-безбедноста, претставници од Дирекцијата земаа учество на неколку важни конференции, работилници и обуки. Овие настани придонесоа за зголемување на човечките капацитети на вработените во Секторот, како и нови иницијативи за унапредување на информатичката безбедност во рамките на Дирекцијата.

Секторот за информатичка безбедност интензивно работеше во насока на целосно исполнување и подигање на стандардите за информатичка безбедност во согласност со измените на безбедносната политика на НАТО/ЕУ и на директивите за информатичка безбедност. Во тие рамки беше вршена редовна проверка, одржување и ажурирање на комуникациско-информациските системи во Дирекцијата, како и редовно и вонредно сервисирање на опремата.

## ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ

Во 2018 година Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации продолжи со своите активности кон унапредување на работата на полето на индустриската безбедност на класифицирани информации. Во текот на годината, во Дирекцијата пристигнаа барања од домашни и од странски компании и други правни лица со барања за издавање национални безбедносни сертификати за 1168 физички и за едно (1) правно лице.

Врз основа на поднесените барања до 31.12.2018 година, Дирекцијата изработи 514 национални и 42 НАТО безбедносни сертификати, 6 ЕУ безбедносни сертификати, 188 изводи од НАТО безбедносни сертификати и 5 изводи од ЕУ безбедносни сертификати за физички лица, 4 безбедносни сертификати за правни лица, како и едно решение за одбивање на барањето за пристап до класифиицрани информации за физичко лице. Во споредба со 2017 година, бројот на барањата за издавање безбедносни сертификати за правни лица и за физички лица во правните лица е зголемен.

Покрај редовната процедура за издавање безбедносни сертификати и дозволи за пристап на физички и правни лица од домашни и странски компании што учествуваат во класифицирани договори или тендери, Дирекцијата вршеше консултативна и експертска улога во постапки поврзани со безбедноста на класифицираните информации со домашни и странски компании што учествуваат во класифицирани договори или тендери.

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Во 2018 година Одделението за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицираните информации продолжи со своите активности и цели утврдени во Годишната програма за работа на инспекторите за безбедност на класифицирани информации за 2018 година и утврдените Квартални планови за 2018 година.

Во текот на годината, Одделението за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицираните информации изврши вкупно 84 инспекциски надзори, и тоа: во првиот квартал од годината: 6 редовни, 12 контролни, вкупно 18; во вториот квартал: 7 редовни, 10 контролни, вкупно 17; во третиот квартал: 7 редовни, 14 вонредни, вкупно 23; во четвртиот квартал: 17 редовни, 9 контролни, вкупно 26.

За сите реализирани инспекциски надзори се изработени записници со наод на констатирана состојба и решенија со мерки и рокови за отстранување на утврдените недостатоци. За три предмети инспекторите донесоа решение за запирање на постапката.

Во рамките на вкупно реализираните инспекциски надзори, а со цел реализација на претпристапните процеси за полноправно членство на Република

Македонија во НАТО, извршени се и сложени надзори во кои учествуваа двајца инспектори, и тоа во регистрите за странски класифицирани информации во Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерство за одбрана, ГШ на АРМ, Агенцијата за разузнавање и Центарот за управување со кризи. За извршените надзори е изработен и Извештај до Владата на Република Македонија со мерки за подобрување на работата кога се ракува со класифицирани информации.

Одделението за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицираните информации до Инспекциски совет во предвидените законски рокови ги доставуваше Годишните програми и извештаи, кварталните планови и извештаи како и други податоци сврзани за работа на инспекциското одделение како што се Годишен план за обука, замена на 30% од прашањата за испит за инспектор за безбедност на класифицирани информации како и други информации што беа побарани од страна на Инспекцискиот совет.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на извештајниот период, Дирекцијата остваруваше непосредна соработка со националните безбедносни авторитети на земјите од регионот и на земји членки на НАТО и на ЕУ, како и соработка со меѓународни институции на чиишто програми за работа е фокусиран голем дел од надворешната политика на Република Северна Македонија.

Во тој контекст, во текот на 2018 година континуирано се спроведуваа активности врзани за регионалната соработка со сродните служби на земјите од регионот, при што акцент беше ставен на учеството на Седмата конференција на SEENSA (форум на националните безбедносни авторитети на земјите од југоисточна Европа) и на директорската средба на националните безбедносни авторитети на шесте поранешни југословенски републики коишто членуваат на 6S иницијативата, што се одржаа на 11 и 12 септември 2018 година на Блед, Словенија.

Во меѓународен контекст, во рамките на Мултинационалната работна група за индустриска безбедност (MISWG) во којашто Дирекцијата има статус на набљудувач, во февруари 2018 година во Рим, Италија, беше реализирано учество на работниот состанок на ad-hoc работната група за Странска сопственост, контрола или влијание (Foreign Ownership, Control or Influence – FOCI).

Во врска со склучувањето билатерални спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации на владино ниво, во декември 2018 година во Подгорица беа реализирани билатерални преговори со претставници на Националниот безбедносен авторитет на Црна Гора за усогласување на текстот на спогодбата. Врзано за веќе усогласените текстови на билатерални спогодби, во јуни 2018 година беше потпишана спогодбата со Австрија, а во септември 2018 година беше потпишана и спогодбата со Големото Војводство Луксембург.

Иницијативите за соработка со други држави, покренати претходно со надлежните авторитети на Израел, на Кралството Белгија и на Португалија беа одложени за наредната година заради дадениот приоритет и зголемените обврски околу процесот на пристапување кон НАТО.

Во контекст на подготовките за членство во НАТО, во септември 2018 година во Скопје беа реализирани билатерални разговори и консултации со претставници на Националниот безбедносен авторитет на Црна Гора, а во ноември истата година и со претставници на Хрватска. Претходно, во мај 2018 година, во Загреб беше реализирана билатерална средба меѓу директорите на националните безбедносни авторитети на Македонија и на Хрватска.

Воедно, во текот на годината, беа остварени контакти со сродните служби на земји од регионот и пошироко по основ на доставени барања за спроведување безбедносна проверка за лица што поднеле барање за издавање безбедносен сертификат, како и по основ на организирање студиските посети во тие земји, поддржани од TAIEX инструментот на Европската комисија. Во тој контекст, во текот на април беше реализирана студиска посета на Националниот безбедносен авторитет на Шпанија, а во јули на Словенија. Воедно, во рамките на подготовките и реализацијата на работилницата поддржана од TAIEX што се одржа во март 2018 година во Скопје, беа реализирани контакти со претставниците на националните безбедносни авторитети на Бугарија, на Хрватска и на Шпанија.

Во контекст на соработката со меѓународните институции на чиишто програми за работа е фокусиран голем дел од надворешната политика на Република Македонија, во март 2018 година беше организирана посетата на директорот на НАТО Канцеларијата за безбедност, г-ѓа Венди А. Башнан. По повод нејзината посета, а во насока на обележување на 14-годишнината од постоењето на Дирекцијата, беше организирано советување со безбедносните служби.

Во периодот од август 2018 година па до крајот на годината, Дирекцијата беше активен учесник во процесот на пристапување на кон НАТО. Тоа подразбира активно учество во изработката на Планот за продолжување на реформите на Република Македонија за членство во НАТО како еден од главните носители на активностите во делот на безбедносните прашања. Притоа, беше реализирано учество на Пристапните разговори со НАТО што се одржаа во октомври 2018 година во Брисел, како и на состанокот со Замениците постојани претставници на НАТО за презентирање на Планот што се одржа во декември 2018 година во Брисел.

Во истиот период Дирекцијата на два наврати реализираше состаноци со претставници на НАТО Канцеларијата за безбедност на НАТО коишто беа во посета на разузнавачко-безбедносните служби во земјата.

Во однос на соработката со ЕУ, во јули 2018 година во Брисел директорот на Дирекцијата оствари средба со директорот на Директоратот за сигурност и безбедност на Советот на ЕУ. Воедно, во текот на годината, согласно своите

надлежности, Дирекцијата учествуваше во изработката на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА).

Во текот на годината продолжи соработката со Канцеларијата на ОБСЕ во Скопје. Притоа, беше реализирана соработка во доменот на владеење на правото, во контекст на изработување на Предлогот на Закон за класифицирани информации.

Во рамките на Меморандумот за разбирање помеѓу Собранието на Република Македонија и Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили (DCAF), потпишан во мај 2018 година, и донесениот Акционен план на активности којшто опфаќа и обуки на вработените на собраниските служби и на парлементарците, Дирекцијата договори соработка со DCAF за држење обуки за ракување со класифицирани информации, со план на реализација во текот на наредната година.

## ОБУКА И СОВЕТОДАВНА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во текот на извештајниот период, во согласност со своите законски обврски и надлежности, Дирекцијата континуирано ги спроведуваше активностите за обука и давање стручна помош на корисниците на класифицирани информации од сите аспекти на безбедноста на класифицираните информации. Обуките беа организирани согласно планот за работа, по барање на корисниците на класифицирани информации или по утврдена потреба од страна на Дирекцијата.

Согласно утврдената потреба и на барање на државните органи и другите институции и правни лица за обука и стручно мислење, во текот на 2018 година вработените во Дирекцијата одржаа бројни стручно-консултативни состаноци и брифинзи на коишто беа давани насоки за правилна примена на националната законска регулатива за класифицирани информации. Во континуитет, според динамиката на Министерството за надворешни работи, се вршеа брифинзи со лица од МНР во подготовки за заминување во ДКП-ата на Република Северна Македонија во странство.

Во последниот квартал од годината, во Дирекцијата беше одржана серија на брифинзи со овластените лица за спроведување на Законот за класифицирани информации во државните органи и институции, јавни и приватни правни лица, со цел запознавање со нивната содржина и со новите трендови во безбедносната политика за работа со класифицирани информации. Воедно, на овие брифинзи присутните беа запознаени и со процесот на донесување на новиот Закон за класифицирани информации и со новините што се предлагаат со него.

Покрај држењето обуки за корисниците на класифицирани информации, во текот на 2018 година претставници на Дирекцијата земаа учество и на

семинари и курсеви организирани во земјата и во странство со цел усовршување на знаењата и стручна надградба.

Во рамките на Програмата за обука за Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) за земјите од Процесот на стабилизација и асоцијација за 2018 година, претставници на Дирекцијата учествуваа на ориентацискиот курс за ЗБОП што се одржа во септември 2018 година во Скопје. Курсот, како еден од модулите на обуката за ЗБОП беше организиран од страна на Европскиот колеџ за одбрана и Министерството за одбрана и спорт на Република Австрија, а беше поддржан од TAIEX инструментот на Европската комисија. Еден од претставниците ја заокружи обуката за ЗБОП со учеството на рефлективниот семинар што се одржа во ноември 2018 година во Виена, Австрија.

Во контекст на активностите што беа поддржани од TAIEX инструментот на Европската комисија, во 2018 година беа реализирани три TAIEX активности, една работилница во Скопје (март 2018 година) и студиски посети на Шпанија (април 2018 година) и на Словенија (јули 2018 година). Во текот на годината беше работено на дополнителни апликации за TAIEX активности и на договорање на реализацијата на дел од претходно одобрените настани.

Во текот на 2018 година, продолжи соработката со Министерството за одбрана за посетување обуки во рамките на Индивидуалната програма за партнерство и соработка (IPCP), вклучувајќи ја и програмата на НАТО школата во Оберамергау. Воедно, во текот на годината продолжи и соработката со Канцеларијата за соработка во одбраната (ODC) на Американската амбасада во Скопје во врска со обуките во Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ С. Маршал" во Гармиш-Партенкирхен, Германија.

## УЧЕСТВО ВО РАБОТА НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНИ ТЕЛА И ДРУГИ ИНИЦИЈАТИВИ

Во 2018 година, Дирекцијата, согласно своите законски надлежности, продолжи да учествува во работата на повеќе меѓуинституционални тела и работни групи.

Во рамките на процесот на пристапување на Република Македонија кон НАТО, Дирекцијата активно учествуваше во работата на Комитетот и во Работниот комитет за интеграција на Република Македонија во НАТО, како и во работните групи формирани во рамките на Работниот комитет за работа на одредени прашања што произлегуваат од Планот за продолжување на реформите на Република Македонија за членство во НАТО.

Во контекст на интегративниот процес за пристапување кон ЕУ, во текот на 2018 година Дирекцијата учествуваше и во работата на Работната група за надворешна безбедносна и одбранбена политика под раководство на Министерството за надворешни работи, со ангажман во изработката на Глава 31

од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) и учеството во ЕУ обуки во координација на Секретаријатот за европски прашања (СЕП).

Во текот на годината, претставници на Дирекцијата учествуваа и во работата на Работната група предводена од Центарот за управување со кризи за размена на податоци во функција на подготвеност и интероперабилност на субјектите што се дел од системот за превенција и рано предупредување, во Работната група за интегрирано гранично управување предводена од внатрешни работи, во Националното координативно тело за градење на отпорност на хибридни закани и ризици предводено од Министерството за одбрана, како и во други работни тела предводени од други надлежни субјекти.

## ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ВО ДИРЕКЦИЈАТА

Финансиското работење на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2018 година се извршуваше според одредбите на Законот за извршување на Буџетот и согласно утврдените средства во Буџетот наменски, рационално, економично и ефикасно. Вкупниот буџет на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации беше реализиран преку буџетските програми за 2018 година, и тоа: Програмата 10 - Администрација и Програмата 20 - Спогодба за размена на класифицирани информации РМ-ЕУ/НАТО.

Во 2018 година на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации ѝ беа одобрени буџетски средства во висина од 29.914.000,00 денари. Средствата за финансирање на активностите според плановите и програмите во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации се обезбедуваат единствено од Буџетот на РМ и се основен ресурс од кој директно зависи реализацијата на плановите, програмите и потпрограмите.

Континуираноста во планирањето за обезбедување на дефинираните потреби со расположливите финансиски ресурси и вклопување во рамките на фискалните можности и ограничувања подразбира утврден процес на континуирано поставување цели и редослед на активности и задачи за реализација на стратешките цели на Дирекцијата.

Изразено во бројки, 20.678.000,00 денари, или 69% од вкупниот буџет беа потрошени за основни плати и придонеси за социјално осигурување за вработените во Дирекцијата. Од нив 17.380.000,00 денари беа наменети за платите и придонесите на вработените во седиштето на Дирекцијата во Скопје, а со преостанатите 3.298.000,00 денари беа покриени трошоците за платите и придонесите на вработените на Дирекцијата упатени на привремена работа во Постојаните мисии на Република Македонија при НАТО и при ЕУ во Брисел.

Во делот од буџетот наменет за вршење на основната дејност на Дирекцијата во висина од вкупно 9.236.000,00 денари или во проценти 31% од вкупниот буџет, средства предвидени за капитални расходи предвидени се во

износ од 3.145.000,00 денари, од кои за купување опрема и машини 370.000,00 денари, купување мебел 70.000,00 денари, вложување и нефинансиски средства 160.000,00 денари, купување возило 1.215.000,00 денари, градежни објекти 1.330.000,00 денари. Другите средства за извршување на редовните активности на Дирекцијата во висина од 6.091.000,00 денари беа распоредени на следниот начин: за патни и дневни расходи 790.000,00 денари, 1.680.000,00 денари наменети за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, 400.000,00 денари за материјали и ситен инвентар, 400.000,00 денари за поправки и тековно одржување, 2.261.000,00 денари за договорни услуги, 460.000,00 денари за други тековни расходи и 100.000,00 денари за трансфери при пензионирање.

Планот и динамиката на финансиското работење во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, се води и се реализира според принципите, нормите и постапките што важат во системот на планирање, програмирање, буџетирање и извршување и обезбедува интегралност на сите елементи и функции во рамките на Дирекцијата, како и во односите со другите субјекти кон кои Дирекцијата презема финансиски обврски.

Буџетот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации претставува годишен план на расходи по квартали за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки одобрени од Буџет на Република Македонија со Закон за извршување на Буџет на РМ со што се извршува Буџетот на Дирекцијата и се врши финансирање на поставените цели, политики, приоритети и задачи што произлегуваат од утврдените планови и програми на Дирекцијата. Основа за работа и реализација на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации претставува Стратешкиот план на ДБКИ, Стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, Фискалната стратегија на Република Македонија, Макроекономските проекции.

Во Стратешкиот план на ДБКИ се содржани програмите и активностите со кои се планира остварување на поставените цели во наредниот тригодишен период. Со процесот на поднесување на предлог-буџетското барање за тековната, односно наредната фискална година, како и проекциите за двете последователни наредни години се координираат во еден интегрален модел на среднорочно буџетирање и ефективно управување со јавните финансии.

Буџетските барања се должат на претходно спроведен процес на идентификување на потребите од организациските структури (сектори и одделенија) задолжени за спроведување на претходно донесените планови и програми во рамките на ДБКИ за финансирање на приоритетите во буџетската година.

## РЕЗИМЕ

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2018 година успешно ги извршуваше своите законски надлежности во својство на авторитет за спроведување и унапредување на безбедносната политика со класифицираните информации на национално и на меѓународно ниво. Со унапредувањето на националната законска регулатива и политиката на континуирани обуки, совети, експертска помош, постојана стручна надградба на персоналот, како и редовен и вонреден инспекциски надзор врз спроведувањето на стандардите, нивото на безбедноста во работата со класифицирани информации во Република Северна Македонија во континуитет се зголемува.

**Директор**
**Стојан Славески**